# FOREVER

MACEDONIA

Април 2017 | Број 186




**SUCCESS DAY**

**22.04.2017**
**Хотел „Holiday Inn“, Скопје**
**Почеток-11 часот**
**Ве очекуваме!**

# МОЌТА НА АЛОЕ ВЕРА



# ОДЛИЧНИ РЕЗУЛТАТИ ЗА 9 ДЕНА

**Програмата Clean 9 може да ви помогне да тргнете по патот кон својата поздрава и поелегантна фигура. Овој ефективен и лесен режим за одржување ќе ви ги обезбеди потребните алатки да започнете да го преобразувате своето тело уште денес!**

### Исполнете ги следните совети, за да постигнете најдобри резултати

- Измерете ја тежината и вашиот обем пред да започнете
- Изберете три реални цели кои сакате да ги постигнете во следните 9 дена
- Запишувајте ја храната која ја внесувате и како се чувствувате за време на програмата
- Спортувајте секој ден
- Наместо да се мерите секој ден, направете го тоа само првиот, третиот, шестиот и деветиот ден
- Пијте многу вода
- Приберете го соларникот
- Избегнувајте газирани безалкохолни пијалаци

## Често поставувани прашања

### Колку килограми би можел да намалам со **Clean 9**?

Колку килограми ќе ослабете за време на програмата Clean 9 зависи од базните показатели, помеѓу кои се почетната тежина и начинот на живот пред програмата.

### Безопасна ли е програмата **Clean 9**?

**Да.** Програмата е направена да трае само 9 дена и затоа е безбедна за повеќето луѓе. Но ако имате здравствени проблеми, би било добро да се консултирате со вашиот лекар пред да ја почнете Clean 9 или било која друга програма за слабеење.

### Ќе чувствувам ли глад за време на **Clean 9**?

Можеби ќе бидете гладни, особено во првите два дена. Тоа е сосем нормално. Но, чувството на глад ќе почне да се намалува. Forever Fiber и Forever Lite Ultra ви даваат чувство на ситост и го потиснуваат гладот.

### Првите два дена од програмата изгледаат тешки! Треба ли да ги следам точно како што се опишани?

**Да.** Clean 9 е осмислена за да ви помогне да имате здрава контрола на тежината, како и да исфрлите некои од токсините кои ви го влошуваат здравјето. Овие први два дена придонесуваат за регенерација на способноста на телото да се детоксицира и ве подготвуваат за следните седум дена. Пропуштањето на првите два дена може негативно да влијае врз крајните резултати.

## Што прави **Garcinia Plus?**




Гарцинија камбоџија е мал полод со форма на тиква, што содржи соединение познато како хидрокси лимонска киселина (ХЛК). Според истражувањата, ХЛК придонесува за одржување на оптимална тежина кога се комбинира со здрава исхрана и доволно движење. Гарцинијата може да му помогне на телото да ги согорува телесните масти поефикасно и да помогне за потиснување на апетитот преку зголемување на нивото на серотонинот.

## Како ми помага **Forever Therm™?**

Forever Therm™ нуди моќна комбинација од растителни екстракти и витамини кои можат да го поддржат и забрзаат метаболизмот, преку засилување на термогенезата.
Зошто ми требаат протеини?
Протеините се основни градивни елементи на секоја клетка во нашето тело. За да ги гради и обновува ткивата и мускулите, на телото му требаат аминокиселини кои се извлекуваат само од протеините. Според истражувањата, протеините се составен дел од слабеењето. Ограничениот внес на калории, без притоа да се внесуваат големи количини протеини, може да доведе до загуба на мускулна маса, дури и пред да започне ослободувањето од телесните масти. Forever Lite Ultra во комбинација со здрава храна и физичка активност, може да ви помогне да топите масти, а не мускули.




## Зошто треба да пијам најмалку 8 чаши вода на ден?



Околу 72% од вашето тело е составено од вода и мора постојано да се дополнува оваа резерва. Водата е неопходна за одржување на добар метаболизам, бидејќи учествува во речиси секој биохемиски процес во организмот. Пиењето доволно вода ви помага и да не чувствувате силен глад меѓу оброците.

## Ако го контролирам внесот на калории и не го надминувам лимитот од 1000 дневно, дали можам да јадам што ќе посакам?

Една од најважните работи во трансформацијата на вашето тело е да го промените начинот на перцепција на храната. За најдобри резултати препорачуваме да се придржувате кон програмата точно како што е опишано во овој прирачник. Има храна со ниска калориска вредност која може да не ви обезбеди доволно балансирани хранливи материи, потребни за чистење и слабеење.




# ГИ САКАТЕ НАШИТЕ ПРОИЗВОДИ?

## ТОГАШ УШТЕ ПОВЕЌЕ ЌЕ ЈА САКАТЕ НАШАТА БИЗНИС МОЖНОСТ

Ако ги засакавте нашите природни производи на база на алое вера и едноставно едвај чекате да им раскажете на вашите пријатели за нив, тогаш вие можеби сте заинтересирани за нашата фантастична бизнис можност.

Форевер им овозможува на обичните чуѓе да започнат сопствен бизнис, без да инвестираат илјадници денари и без финансиски ризик. Компанијата ги пласира своите производи преку моделот - мрежен маркетинг, или директни продажби. Ова значи дека сопствениците на Форевер бизнис ги споделуваат производите на Форевер со колку може повеќе луѓе и заработуваат од директните продажби. Сопствениците на Форевер бизнис можат да градат тим од соработници кои понатаму исто така ги споделуваат производите со нивните пријатели, семејства и луѓе кои дополнително ги запознаваат.

### Сподели и заработи

Секој од сопствениците на Форевер бизнис заработува процент од производите кои ги пласира и од пласманот на производи од страна на членовите на неговиот тим. Како што бизнисот расте, тие може да се квалификуваат за некоја од програмите за стимулирање на Форевер. Промовирањето на нашите производи на овој начин значи дека компанијата не троши милиони на скапи рекламни кампањи и наместо тоа, ги пласира производите преку сопствениците на Форевер бизнис. Овој начин на работа овозможува Форевер дарежливо да ги наградува сопствениците на Форевер бизнис за нивниот придонес во растот на компанијата.

### Флексибилна работа

Можеби никогаш не сте се гледале како личност од бизнисот, но едноставниот и флексибилен модел на Форевер му дава можност на секој кој е подготвен напорно да работи, да си изгради сопствен и успешен бизнис. Можете да работите помалку или повеќе, во зависност од доходот кој го посакувате. Не постои работно време, бидејќи можете да си ја задржите тековната работа ако сакате, и попладневните часови и деновите од викенд ги посветите на градење на вашиот Форевер бизнис. Многу луѓе кои започнале со Форевер бизнис, се довеле во состојба да ја откажат работата од 9 до 5, и да продолжат единствено со својот Форевер бизнис.




### Како да започнете

Ако сте заинтересирани да станете сопственик на Форевер бизнис, стапете во контакт со личностите кои ве запознаа со Форевер. Тие ќе ви помогнат да го промените вашиот живот споделувајќи ги производите на Форевер со други луѓе. Толку едноставно!

Нема членарина, нема потреба од инвестиции, едноставно се вклучувате со првата порачка на производи. Ви го препорачуваме Старт пакетот кој содржи дел од нашите најпопуларни производи, за да ги пробате и споделувате со другите. Тој е со специјален попуст и е достапен единствено како прва порачка.

Ви посакуваме успех!

# Forever Arctic Sea
# Арктичко море




Код: 376
120 гел капсули

## ОПИС И СВОЈСТВА

Усовршената формула содржи патентирана комбинација од масло од каламари кое е богато со ДХА, ултра чисто омега-3 рибино масло и масло со висока олеинска содржина. Уникатната комбинација предложена единствено од Форевер Ливинг Продактс не само што содржи 33% повеќе од најкорисната помеѓу омега-3 киселините – ДХА, туку и идеално го балансира соодносот меѓу неа и ЕПА за оптимални резултати и дејство.

Рамнотежата меѓу омега-3 и омега-6 е исклучително важна. Кога станува збор за омега масни киселини, многумина не сфаќаат дека соодносот меѓу нив е од клучно значење.

Балансираната исхрана во минатото давала здрав баланс меѓу омега-3 и омега-6 киселините – од 1:1 до 1:4. За жал во современата диета преовладуваат омега-6 масните киселини поради пржените производи, растителните масла, маргарините и модерните високо преработени и нездрави кулинарски производи. Малкумина внесуваат доволно риба и други извори на омега-3, што води до нездрав соднос меѓу двете групи, кој достигнува до 1:30. Клучот за обновување на изгубената рамнотежа е консумација на повеќе омега-3 масни киселини и ограничување на омега-6.

Усовршената формула на Арктичко море на Форевер не само што го зголемува целокупниот внес на омега-3, исто така предлага 33% повеќе ДХА за идеален баланс помеѓу неа и другата омега-3 киселина во производот – ЕПА. Докосахексаеновата киселина, наречена накратко ДХА, е особено важна масна киселина за човечкото здравје, која се среќава природно во целиот организам. Нејзините највисоки концентрации се во мозокот, очите и срцето. Исто како што калциумот е незаменлив за да имаме здрави коски, така и ДХА се грижи клетките на мозокот, ретината, срцето и нервниот систем да се развиваат и функционираат правилно во сите етапи од животот.




Според истражувањата, внесот на ДХА е поврзан со намален ризик од влошување на умствените способности со напредување на возраста. Ниту една друга масна киселина не покажала слична врска.

## СОСТАВ

Природно рибино масло, масло од каламари, желатин, масло, глицерин, пречистена вода, природно масло од лимон, природно масло од лимета, антиоксидант (d-алфа токоферол).

## ПРЕПОРАЧАНА УПОТРЕБА

По две гел капсули три пати дневно со храна.

- Идеален соднос помеѓу омега-3 масните киселини за оптимален ефект.
- Пријатен и целосно природен цитрусен мирис.
- Производството не ја нарушува природната рамнотежа во океанот.
- Чист извор на ЕПА и ДХА.

# МОЌТА НА АЛОЕ ВЕРА



## Дали знаете дека корисните својства на алое вера се ценети со векови?

Алое вера или Алое Барбаденсис Милер е едно од околу 300 видови алое во целиот свет. Иако личи на кактус, всушност е сукулент, припаѓа на семејството на лилјаните и е роднина на кромидот, лукот и аспарагусот. Се смета дека околу четири видови алое се вредни за луѓето и животните од гледна точка на хранливост, но Барбаденсис Милер – видот кој Форевер го користи, е најефикасен од нив.

Алоето било популарно во древноегипетската цивилизација и најверојатно се користело уште од 2200 г. п. н. е. Според една легенда, Аристотел го советувал Александар Велики да го освои островот Сокотра, за да се здобие со алоето кое изобилно растело таму и било неопходно за лечење на неговите ранети војници. Друго предание раскажува дека царицата Клеопатра користела алое, за да ја одржува кожата мека и убава. Во последно време сè повеќе се зголемува популарноста на растението како современа состојка во производите за здравје и нега на кожата.

Се смета дека алое вера ги поддржува имунолошките функции и здравјето на кожата, ценето е заради неговите својства на прочистување и е идеален помошник за добро варење на храната, бидејќи може да ги поддржи гастроинтестиналните функции.

Форевер се гордее со фактот дека го користи само гелот содржан во внатрешноста на листот без кората и сокот под кората. Нема докази дека овој сок, кој му дава горчлив вкус на листот, има некакви корисни својства за здравјето. Гелот во внатрешноста се смета за најблаготворен – колку повисока е неговата содржина во даден производ, толку подобро! За среќа содржината на алое во гелот за пиење на Форевер е повеќе од 95%!

Алое вера е во основата на сè во Форевер и начинот на кој се однесуваме кон нашите растенија, дава добра претстава за вредностите на кои е изграден нашиот бизнис. Најнапред листовите на алоето внимателно рачно се берат, за да останат непроменети уникатните својства на гелот. Алоето се обработува во рок од неколку часа по отсекувањето. Штом гелот биде одвоен од листовите, кората се враќа назад во почвата како природно ѓубриво. Гелот минува низ патентираниот процес на стабилизација на Форевер, пред да му бидат додадени други состојки за производството на одлични и ефикасни производи.

> „... до 2021 год. се очекува светскиот пазар на алое вера да достигне 728 млн. долари.“
>
> – Експертски пазарни истражувања






## Зошто е важно ова?

Според соопштението, базирано на извештајот на Експертски пазарни истражувања (Expert Market Research), до 2021 г. се очекува светскиот пазар на алое вера да достигне 728 млн. долари*. Во последната деценија тој расте со добро темпо и неговиот успех во голем степен се должи на позитивниот ефект кој козметиката и пијалоците од алое вера го покажуваат врз здравјето и изгледот на корисниците. Извештајот исто вели: „...неколку научни истражувања на корисните својства на алое вера, спроведени од различни институти, исто ја зацврстија довербата на корисниците во употребата на производи од алое...“ Оваа статистика е многу охрабрувачка за нашата бранша и со нетрпение очекуваме зголемената љубов кон алоето да се одрази врз вашиот бизнис во наредните години. Секогаш сме знаеле дека ова растение е неверојатно, но возбудливо е да се види дека и според широката публика тоа може да има важна улога во секојдневието на секој човек.

* Можете да го прочитате оригиналното соопштение на ***www.openpr.com/news/407335/Global-Aloe-Vera-Gel-Market-toReach-US-728-Million-by-2021.html***

## Како може тоа  да му помогне на вашиот бизнис?

Меѓу најинтересните страни на извештајот е тоа што се посочува Форевер како една од клучните компании на кои се должи растот на глобалниот пазар на алое вера. Експертни пазарни истражувања соопштуваат дека „Форевер Ливинг Продактс е најголемиот производител на производи од алое вера во светот“, а ние сме свесни дека благодарение на чистотата на алоето кое се содржи во нашите производи, нашата компанија е лидер во браншата. Фантастично е да знаеме дека повеќето од корисниците на алое производи добиваат највисок квалитет и чистота и дека користат производи кои се создадени да им помагаат да изгледаат и да се чувствуваат подобро!

Важно е да користите ваков тип информација кога разговарате со своите клиенти, бидејќи таа е еден од клучните фактори по кои се разликува нашата компанија од конкурентните.

## Знаете ли дека...?

„Според Идни маркетинг анализи (Future Marketing Insights) долгорочната перспектива пред глобалниот пазар на екстракти од алое вера е позитивна, бидејќи прогнозата е дека светските приходи ќе надминат 3,3 милијарди долари до 2026 год. Се очекува обемот на глобалниот пазар на алое екстракти да расте со 7,4% составен годишен раст до 2026 г.” – prurgent.com**

**Извор: ***http://www.prurgent.com/2016-11-30/pressrelease419538.htm***

## Кои производи содржат најмногу алое?

Многу од производите на Форевер содржат алое вера, но во некои процентот е повисок и затоа се особено конкурентни во браншата. Тоа се и производите на кои ви предлагаме да акцентирате, кога им раскажувате на клиентите за корисните својства на алоето.




**Forever Aloe Vera Gel**
Гел од алое вера




**Aloe Vera Gelly**
Алое вера желе




**Aloe First**
Алое фрст




**Aloe Veterinary Formula**
Алое ветеринарна формула




**Aloe Propolis Creme**
Алое прополис крем




**Aloe Lotion**
Aloe Lotion



# ROCK THE BOAT

# EMR17

**BARCELONA MONTE CARLO ROME**

**1-5** октомври 2017



EAGLE MANAGER 2017

foreverliving.com

FOREVER